2022

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ

Со данокот нема обложување!

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 03.01.2022 година

Уредници: Севдие Исмаили и Васе Недановски - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци, Дарко Ивановски - Генерален даночен инспекторат

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Приредување на игри на среќа и забавни игри

ISBN: 978-608-4866-36-7
Бр: 08-58/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pregled/2/7/1

**2022 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА


ВОВЕД....................2

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ....................3

ОПШТИ ИГРИ НА СРЕЌА....................6

Лотариски игри на среќа....................6

Електронски игри на среќа....................11

Наградни игри....................12

Интерактивни игри на среќа....................14

ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА....................15

Казино....................15

ОБЛОЖУВАЛНИЦА....................20

АВТОМАТ КЛУБОВИ....................24

ИНТЕРНЕТ ИГРИ НА СРЕЌА....................31

ЗАБАВНИ ИГРИ....................32

ИСПЛАТА И ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОБИВКИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА....................34

## ВОВЕД

Преку оваа брошура треба да дознаете повеќе за видовите, условите, организацијата и начинот на приредување на игри на среќа и забавни игри во Република Северна Македонија.

Игрите на среќа и забавните игри кои се организираат заради забава, како и за стекнување средства на учесниците во играта, се уредени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Игрите кои не се уредени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри не се сметаат за игри на среќа и игри за забава и е забрането да се приредуваат.

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Игри на среќа** се игрите во кои учесниците имаат еднакви можности за стекнување на добивка со посредна или непосредна уплата на одреден износ (влог), а резултатот од играта исклучиво или претежно зависи од случајноста или од некој иден неизвесен настан во играта.

**Видови игри на среќа**

1. Општи игри на среќа се лотариски игри на среќа, електронски игри на среќа, наградни игри и интерактивни игри на среќа.
2. Посебни игри на среќа се игри на среќа во казино, во обложувалница и во автомат клуб.
3. Интернет игри на среќа се општите и посебните игри на среќа, како и други видови на игри на среќа во кои учесникот може да учествува преку глобалната интернет мрежа.

**Игри на среќа кои се приредуваат со добивање на лиценца се**:
- Игри на среќа во казино
- Игри на среќа во автомат клуб
- Игри на среќа во обложувалница
- Интернет игри на среќа
- Томбола од затворен тип

**Игри на среќа кои се приредуваат врз основа на добиена дозвола се**:
- Интерактивни игри на среќа
- Наградни игри
- Забавни игри

**Општите игри на среќа**: Лотариски и Електронски игри на среќа ги приредува Трговското друштво во кое содружник или акционер е РСМ врз основа на правото стекнато со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**Приредувач на игра на среќа** е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија на кое му е издадена лиценца, односно дозвола за приредување на игри на среќа и трговско друштво во кое содружник или акционер е Република Северна Македонија и е основано за приредување на игри на среќа.

**Важност на лиценци/дозволи**

| | |
|---|---|
| Лиценца за приредување на игри на среќа во казино | 6 години |
| Лиценца за приредување на томбола од затворен тип | 4 години |
| Лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница | 3 години |
| Лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб | 6 години |
| Лиценца за интернет игри на среќа | 4 години |
| Дозвола за интерактивни игри на среќа | 1 година |
| Дозвола за приредување на наградна игра | 1 година |
| Дозвола за приредување на забавни игри | 10 години |

Приредувачот на игри на среќа на кој му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа од страна на Владата на Република Северна Македонија, може да поднесе барање за добивање на нова лиценца пред истекот на рокот на важноста на постојната лиценца.
Приредувачот на игри на среќа е должен да ги плати пристигнатите надоместоци за плаќање и давачки утврдени со овој и друг закон, како и годишната рата за надоместокот за постојната лиценца за годината за која се бара новата лиценца.
Приредувачот на игри на среќа до издавањето на новата лиценца од страна на Владата на Република Северна Македонија, игрите на среќа ќе ги приредува врз основа на постојната лиценца, доколку истата е во важност.

Приредувачите на игрите на среќа и забавните игри се должни да донесат правила на игра, а истите се применуваат по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

Приредувачите на игри на среќа ги поднесуваат следните барања до Министерството за финансии:
- барањата за (нови) деловни простории;
- барањата престанок на приредување на игри на среќа во постоечки деловни простории;
- барањата за промена на деловната просторија.

Министерството за финансии врши проверка на комплетноста и соодветноста на доставената документација.

**Ден на престанок за приредување на игрите на среќа на деловната просторија** се смета денот кога со записник од страна на Управата за јавни приходи е утврден престанокот за приредување на игрите на среќа во деловната просторија.

**Се забранува**

- Учество во странски игри на среќа, особено ако влоговите се уплаќаат на територијата на Република Северна Македонија.
- Продажба, рекламирање и секое друго претставување на странски лозови, томболски картички, ливчиња, тикети, електронски картички и слично на територијата на Република Северна Македонија.
- Приредување на игри на среќа и забавни игри во технолошките индустриски развојни зони на територијата на Република Северна Македонија.
- Приредување на игри на среќа кои не се регулирани со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, а кои даваат можност за стекнување на добивка.
- Учество во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола.
- Учество во игрите на среќа (општи и посебни) на лица помлади од 18 години
- Приредување на обложување на територијата на Република Северна Македонија кое е во спротивност со закон, добрите деловни обичаи и моралот.
- Приредување на обложување на територијата на Република Северна Македонија кое се однесува на резултатите од избори за претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, градоначалници и советници во Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
- Приредување на игри на среќа на автомати во забавен клуб.

# ОПШТИ ИГРИ НА СРЕЌА

## ЛОТАРИСКИ ИГРИ НА СРЕЌА




**Кој може да биде учесник во лотариските игри на среќа?**

Учесник во лотариските игри на среќа е физичко лице не помладо од 18 години кое ги исполнува условите за учество во одредена игра на среќа (коло или серија) во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри и правилата на играта на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа. За учесник во лотариските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на потврда за уплата, се смета имателот на таквата потврда ако податоците на потврдата за уплатата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа. За учесник во игрите на среќа лотарија, инстант лотарија и експрес лотарија се смета имателот на неоштетен лоз кој е издаден од приредувачот на игрите на среќа.

## Услови за отпочнување со приредување на општи игри на среќа

Трговското друштво во државна сопственост во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина по уписот во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на РСМ и целосната уплата на основната главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ, задолжително приложува:

- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање;
- акт за основање на трговското друштво;
- правила на игрите на среќа кои трговското друштво ќе ги приредува;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- информација за економско - финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на РСМ врз основа на годишната сметка за последната деловна година со која се потврдува економско - финансиската состојба во работењето на субјектот.“

## Дали резултатите од извлекувањето и износот на добивките треба јавно да се објават?

Извештајот за резултатите од извлекувањето и износот на добивките приредувачот на игрите на среќа е должен јавно да ги објави во најмалку еден дневен весник кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија и на уплатно-исплатните места, најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето. Обврската за јавно објавување на резултатите од извлекувањето и износот на добивките се смета за исполнета и доколку приредувачот на игрите на среќа извештајот за резултатите од извлекувањето и износот на добивките ги објави на својата интернет страница најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето.

**Дали за лотариските игри на среќа се плаќа посебна давачка?**
Се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови, на месечна основа.
Посебната давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

**Кои услови треба да ги исполни трговското друштво за да приредува томбола од затворен тип?**
Лиценца за приредување на томбола од затворен тип се издава од страна на Владата на РСМ врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 работни дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.
Барањето може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 1.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РМ на денот на уплатата.

**Документи кои се приложуваат до Министерството за финансии за добивање на лиценца за томбола од затворен тип?**
Трговското друштво кон барањето задолжително треба да достави:
- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање и доказ за висината на основната главнина;
- акт за основање на трговското друштво;
- правила на играта на среќа;
- потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;
- потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на РСМ врз основа на годишната сметка за последната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за

приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;
- програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам;
- потврда од надлежен орган дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа;
- потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа"; и
- доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца.

Трговското друштво, покрај доказите е должно да достави и записник за увид на самото место од страна на Управата за јавни приходи и решение со кое се потврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на томбола од затворен тип не постаро од 30 работни дена од денот на неговото издавање.

## Дали за добивање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип се плаќа надоместок?

За добивање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип се плаќа надоместок во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата. Лиценцата за приредување на томбола од затворен тип се однесува само на една деловна просторија.

## Каде се евидентираат/одобруваат томболските картички?

Томболските картички се евидентираат и одобруваат од Управата за јавни приходи.

**Колкав износ на депозит треба да депонира приредувачот на томбола од затворен тип?**

Приредувачот на томбола од затворен тип за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во томболата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

**Кога се надополнува депозитот или износот од банкарската гаранција?**

Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ, приредувачот на томбола од затворен тип е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

**Колку изнесува посебната давачка за томбола од затворен тип?**

За приредување на играта на среќа томбола од затворен тип се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати од продажбата на томболските картички, врз месечна основа.

Посебната давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати од продажбата на томболските картички се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## ЕЛЕКТРОНСКИ ИГРИ НА СРЕЌА




**Кои лица можат да бидат учесници на електронските игри на среќа?**
Учесници во електронските игри на среќа се физички лица не помлади од 18 години кои ги исполнуваат условите за учество во овие игри во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри и со правилата за соодветната игра на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа. За учесник во електронските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на соодветна потврда за уплатата на влогот, се смета имателот на таквата потврда, ако податоците на потврдата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа. Учеството во електронските игри на среќа се остварува со уплата на влог за играта на среќа на благајна на приредувачот на играта или на друг начин пропишан со правилата на играта на среќа.

За приредување на електронските игри на среќа, приредувачот на игрите плаќа надоместок во износ од 30 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата, месечно по терминал. Надоместокот од 30 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата, месечно по терминал се плаќа најдоцна до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

## НАГРАДНИ ИГРИ

### Што се наградни игри?

Наградни игри се игрите на среќа кои заради рекламирање на производи и услуги ги приредува едно трговско друштво или повеќе трговски друштва заедно, на начин определен од страна на приредувачот на играта на среќа (на вообичаен начин, електронски начин, по пат на мобилен уред, интернет и сл.) со јавно објавување на условите за учество во играта утврдени со правилата на играта, при што приредувачот на играта на среќа се обврзува на извлечените добитници да им ги додели наградите во предмети, пари или права.

### Услови за добивање на дозвола за наградни игри

До Министертвото за финансии се поднесува барање за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, во прилог на кое задолжително се доставува:

- документ за регистрација на трговското друштво, односно трговските друштва издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот неговото издавање;
- правила на наградната игра;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган; и
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија врз основа на годишната сметка запоследната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот.

Барањето за добивање на дозвола за приредување на наградна игра се поднесува најдоцна во рок од 15 дена пред денот кој од страна на подносителот на барањето е определен како ден на почеток на приредувањето на наградната игра.

**Дали правилата од наградните игри треба јавно да се објават?**

Приредувачот кој добил дозвола за приредување на наградната игра е должен пред отпочнување на наградната игра да ги објави правилата на наградната игра во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на која се приредува наградната игра или на друг начин да ги направи достапни за потенцијалните учесници во играта.

**Дали резултатите од одржаните наградни игри треба јавно да се објават?**

Приредувачот на наградната игра е должен јавно да ги објави резултатите, односно добитниците на наградите во рок од три дена од денот на извлекувањето на наградите, односно од денот на определувањето на добивките и добитниците во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на која се приредува наградната игра или на друг начин да ги направи достапни за учесниците во играта.

**Колкав надоместок за приредување на наградна игра треба да плати приредувачот?**

Приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите. Доколку како приредувачи на наградната игра се јавуваат повеќе трговски друштва заедно, надоместокот од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите како обврска се дели на приредувачите во еднаков износ, доколку помеѓу приредувачите на наградната игра поинаку не е договорено. Надоместокот од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, приредувачот односно приредувачите на наградната игра се должни да го платат пред почетокот на наградната игра, а во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

# ИНТЕРАКТИВНИ ИГРИ НА СРЕЌА

## Што се интерактивни игри на среќа?

Интерактивни игри на среќа се игрите на среќа кои се приредуваат преку средствата за електронски комуникации, односно телекомуникации и кои се реализираат преку одговорање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во играта да е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во играта и тоа од телефонски такси или која било друга форма на уплата (влог) од страна на учесникот во играта.

## Услови за добивање на дозвола за интерактивни игри на среќа

До Министертвото за финансии се поднесува барање за добивање на дозвола за приредување на интерактивни игри на среќа, во прилог на кое задолжително се доставува:

- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање;
- правила на играта на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на РСМ врз основа на годишната сметка за последната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот.

## Колкав е износот на посебната давачка за приредување на интерактивни игри на среќа?

Приредувачот на интерактивните игри на среќа плаќа посебна давачка од 18 % од вкупниот фонд на награди.
Посебната давачка од 18% од вкупниот фонд на награди, приредувачот е должен да ја плати пред почетокот на интерактивната игра на среќа, а во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

## ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА

Посебни игри на среќа се игри на среќа во кои учесниците играат еден против друг или против приредувачот на играта на среќа и имаат можност да остварат добивка во зависност од висината на својот влог и правилата на играта на среќа. Игри на среќа во казино се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти.

## КАЗИНО

**Услови за добивање на лиценца за игри на среќа во казино?**
Барањето за приредување на игри на среќа во казино може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата

**Дали надзорниот информациски систем (НИС) е услов за добивање на лиценца?**
Пред отпочнување на постапката за добивање на лиценца од Влада на РСМ правните субјекти кои за прв пат поднесуваат барање за добивање на лиценца, треба да го имаат обезбедено НИС системот за следење на уплатите и исплатите од игрите на среќа. Ова се однесува и за сите веќе постоечки приредувачи на кои им истекла важноста на лиценцата и поднесуваат барање за добивање на нова лиценца.

**Документи кои се приложуваат до Министерство за финансии за добивање дозвола за приредување на игри на среќа во казино?**
Трговското друштво, покрај доказите:
- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање и доказ за висината на основната главнина;
- акт за основање на трговското друштво;
- правила на играта на среќа;
- потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето,
- ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;

- потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија врз основа на годишната сметка запоследната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот.
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;
- програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам;[1] и
- доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца.

е должно да достави и

- доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино, издаден од надлежен орган и не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање; и
- доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати и маси во казиното се технички исправни.

## Колкав надоместок се плаќа за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино?

За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата.

1) види и Упатство за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за казина
http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/230

## Дали приредувачот има обврска да информира за промените настанати во казиното?

Приредувачот на игрите на среќа е должен без одлагање да го информира Министерството за финансии за промена на секој податок или околност кои се од влијание за работата на казиното, а особено за промената на: членовите на органите на управување и надзор на трговското друштво приредувач на игрите на среќа; лицата овластени за застапување и водење на работите на трговското друштво приредувач на игрите на среќа; идентитетот на лицата кои учествуваат во основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа; и основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа.

Доколку приредувачот на игрите на среќа во казино сака да го промени видот на автоматите и масите во казиното, кон барањето доставува уверение за техничка исправност на новопоставените автомати и маси издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии и уверение за исклучување од употреба на автоматот и масата издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

## Колкав е износот кој треба да се обезбеди за исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното?

Приредувачот на игрите на среќа во казино за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

## Кога се надополнува депозитот или износот од банкарската гаранција?

Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на депонирањето, приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да го надополни износот до полниот износ, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

## Колкав износ треба да има во дневната благајна на казиното?

Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен дневно во благајната на казиното да има депозит за ризик од најмалку 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ, кој служи за исплата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казино.

## Колкав е бројот на автомати и маси кои треба да бидат поставени во деловната просторија?

Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен во деловната просторија во која ги приредува игрите на среќа да има автомати и маси во оној број и вид колку што се одобрени со лиценцата издадена од Владата на РСМ или со решенија на Министерството за финансии.

## Кои давачки и надоместоци ги плаќа приредувачот на игрите на среќа во казино?

Приредувачот на игрите на среќа во казино плаќа:

- посебна давачка од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа (само за уредите/апаратите на игрите на среќа поставени во казиното за кои има можност за електронско поврзување); и
- Приредувачот на игри на среќа во казино, на месечна основа, за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите автомати и исплатениот износ од сите автомати на приредувачот на игрите на среќа во казино, на сметка на Министерството за здравство
- надоместоци (само за оние апарати и уреди поставени во казиното за кои нема можност за електронско поврзување):
  - за рулет маса приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 3.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата, по рулет маса; и
  - за други маси во казиното приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 1.725 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата, по маса.

## Дали за остварените приходи по видот на игрите се поднесува извештај?

Приредувачот на игрите на среќа во казино еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештаи за остварените приходи по видот на игрите. Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да ги води податоците за дневните пресметки по автомат односно маса за игра на среќа.

Податоците од евиденцијата со конечните месечни пресметки и копија од доказот за уплатата на надоместоците од страна на приредувачот на игрите на среќа во казино се доставуваат до Министерството за финансии до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## Кои обврски приредувачот на игри на среќа - казино ги има кон Управата за јавни приходи?

Приредувачот за игрите на среќа - казино е должен до Управата за јавни приходи, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец преку електронска достава да достави Месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка (образец "ДЛД/МИ-ИС").

Извештајот содржи: податоци за обврзникот (име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот, број на документ за идентификација на странско физичко лице), износот на остварената добивка, износот на пресметаниот и платен данок на личен доход и дата на исплатата на добивката.

## Дали документацијата за непрекинато снимање во казиното треба да се чува?

Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен документацијата за непрекинато снимање да ја чува 15 дена или на барање на Управата за јавни приходи и подолго. Податоците од документацијата претставуваат деловна тајна, а приредувачот на игрите на среќа во казино може да ги соопшти на други лица само во согласност со закон.

## Дали приредувачот на игри на среќа во казино треба да има инсталирано надзорен информациски систем?

Казиното мора да има надзорен информациски систем кој овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи и кој мора посебно да обезбеди централно вмрежување на сите автомати на еден приредувач на игри на среќа во казино кој овозможува контрола на податоците од страна на Управата за јавни приходи, за сите приклучени автомати (види и Правилник за начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи)[2].

---

2) http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/197

## ОБЛОЖУВАЛНИЦА

**Какви игри на среќа може да приредува обложувалницата?**
Игри на среќа во обложувалница се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на играта се обложува на идни реални настани или реални настани кои се во тек во времето на обложувањето и тоа на настани кои се однесуваат на:
- спортски натпреварувања, трки и сл.;
- танцови, пеачки, музички и слични натпреварувања;
- други натпреварувања.

**Услови за добивање на лиценца за игри на среќа во обложувалница**
Барањето за приредување на игри на среќа во обложувалница може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата.

**Дали надзорниот информациски систем (НИС) е услов за добивање на лиценца?**
Пред отпочнување на постапката за добивање на лиценца од Влада на РСМ правните субјекти кои за прв пат поднесуваат барање за добивање на лиценца, треба да го имаат обезбедено НИС системот за следење на уплатите и исплатите од игрите на среќа. Ова се однесува и за сите веќе постоечки приредувачи на кои им истекла важноста на лиценцата и поднесуваат барање за добивање на нова лиценца.

**Документи кои се приложуваат до Министерство за финансии за добивање дозвола за приредување на игри на среќа во обложувалница?**
Трговското друштво, покрај доказите:
- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање и доказ за висината на основната главнина;
- акт за основање на трговското друштво;
- правила на играта на среќа;
- потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;

- потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија врз основа на годишната сметка запоследната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;
- програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам; и
- доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца, е должно да достави и доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница издаден од надлежен орган не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање.

**Колкав надоместок се плаќа за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница?**

За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата. Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се однесува на приредување на игри на среќа обложување преку уплатно-исплатни места.

## Дали приредувачот на игри на среќа во обложувалница треба да има инсталирано надзорен информациски систем?

- Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да има надзорен информациски систем кој треба да се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија и кој мора да овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.
- Барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница е должен да има обезбедено надзорен информациски систем во кој се поврзани сите компјутери преку кои ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

За подетални информации види и Правилник за начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи[3].

## Колкав износ треба да се обезбеди за исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалница?

Приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

## Колку уплатно-исплатни места може да се отворат со добиената лиценца и уплатениот депозит?

Со издавањето на лиценцата и уплатата на депозитот, односно банкарската гаранција приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да приредува игри на среќа во обложувалница во најмногу 25 уплатно-исплатни места. За секои 10 нови уплатно-исплатни места потребно е да се обезбеди дополнителна банкараска гаранција во висина од 50.000 евра.

---

3) http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/197

**Кога се надополнува депозитот или износот од банкарската гаранција?**
Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на депонирањето, приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го надополни износот до полниот износ, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

**Каква посебна давачка за игрите на среќа се плаќа во во обложувалница ?**
За приредување на игрите на среќа во обложувалница, приредувачот на игри на среќа во обложувалница плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа. Посебната давачка се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.
Доказот за уплатата на посебната давачка приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец. Приредувачот на игри на среќа во обложувалница, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт

**Дали приредувачот на игри на среќа во обложувалница треба да ги чува добитните тикети?**
Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да ги чува сите добитни тикети неоштетени, со сериски број најмалку три години.

**Кои обврски приредувачот на игри на среќа - обложувалница ги има кон Управата за јавни приходи?**
Приредувачот за игри на среќа - обложувалница е должен до Управата за јавни приходи, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец преку електронска достава да достави Месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка (образец "ДЛД/МИ-ИС"). Извештајот содржи: податоци за обврзникот (име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот, број на документ за идентификација на странско физичко лице), износот на остварената добивка, износот на пресметаниот и платен данок на личен доход и дата на исплатата на добивката.

## АВТОМАТ КЛУБОВИ

### Како до лиценца за игри на среќа во автомат клуб?

Лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава од страна на Владата на РСМ врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 работни дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

### Услови за добивање на лиценца за автомат клубови?

Барањето за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата.

### Дали надзорниот информациски систем (НИС) е услов за добивање на лиценца?

Пред отпочнување на постапката за добивање на лиценца од Влада на РСМ правните субјекти кои за прв пат поднесуваат барање за добивање на лиценца, треба да го имаат обезбедено НИС системот за следење на уплатите и исплатите од игрите на среќа. Ова се однесува и за сите веќе постоечки приредувачи на кои им истекла важноста на лиценцата и поднесуваат барање за добивање на нова лиценца.

### Документи кои се приложуваат до Министерството за финансии за добивање дозвола за приредување на игри на среќа во автомат клуб?

Трговското друштво, покрај доказите:

- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање и доказ за висината на основната главнина;
- акт за основање на трговското друштво;
- правила на играта на среќа;
- потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;
- потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а

ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање;

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија врз основа на годишната сметка запоследната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
- доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;
- програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам; и
- доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца;

е должно да достави и:

- доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб, издаден од надлежен орган и не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање; и
- доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни.

**Колкав надоместок се плаќа за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб?**

За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата.

**Дали приредувачот на игри на среќа во автомат клуб треба да има инсталирано надзорен информациски систем?**

- Приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб мора да обезбедат

надзорен информациски систем во кој се поврзани сите автомати на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

- Барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

За подетални информации види и Правилник за начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи[4].

**Кој ја утврдува техничката исправност на автоматите на игри на среќа?**

Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа го врши правно лице овластено од министерот за финансии.

**Дали Управата за јавни приходи може да побара утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа?**

По барање на Управата за јавни приходи, овластеното правно лице е должно да пристапи кон утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, во рок од три работни дена од денот на поднесеното барање од страна на Управата за јавни приходи и да утврди дали соодветниот автомат за игри на среќа е технички исправен. Овластеното правно лице е должно во рок од три работни дена од денот на утврдувањето на техничката исправност да издаде исправа на Управата за јавни приходи за техничка исправност, односно неисправност на определениот автомат, односно автомати.

3) http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/197

**Во кој документ се забележува прегледот и контролата на автоматот за игри на среќа?**
Секој преглед и контрола на автоматот за игри на среќа од страна на овластеното правно лице се впишува во сервисна книшка која ја издава овластеното правно лице. Сервисна книшка се издава за секој автомат за игри на среќа или за сите автомати за игри на среќа на приредувачот на игрите на среќа и особено содржи податоци кои се однесуваат на извршените прегледи и контроли на автоматите.

**Колкав е износот кој треба да се обезбеди за исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа за автомат клуб?**
Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во РСМ, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, за секој автомат за игри на среќа поставен во автомат клубот.

**Кога се надополнува депозитот или износот од банкарската гаранција?**
Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

**Колкав број на автомати треба да поседува приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб?**
Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб е должен во деловната просторија во која ги приредува игрите на среќа да има автомати во оној број и вид колку што се одобрени со лиценцата издадена од Владата на РСМ или со решенија на Министерството за финансии.

**Кои докази ги доставува приредувачот ако сака да го зголеми бројот на автоматите во автомат клубот?**

Доколку приредувачот на игри на среќа во автомат клуб сака да го зголеми бројот на автоматите во автомат клубот, кон барањето доставува доказ за исполнување на просторните и техничко - технолошките услови во деловната просторија за приредување на игри на среќа на автомати не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање и уверение за техничка исправност на новопоставените автомати издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии и доказ за депониран депозит или обезбедена банкарска гаранција, во банка со седиште во РСМ за секој автомат за игри на среќа во деловната просторија во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

Доколку приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб сака да го промени видот на автоматите за игри на среќа, кон барањето доставува уверение за техничка исправност на новопоставените автомати издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии и уверение за исклучување од употреба на автоматот издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

**Кој документ се доставува за намалување на бројот на автоматите во автомат клубот?**

Доколку приредувачот на игри на среќа во автомат клуб сака да го намали бројот на автоматите во автомат клубот, кон барањето доставува уверение за исклучување од употреба на автоматот издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии. Министерството за финансии со решение одлучува за промена на бројот и видот на автоматите во автомат клубот во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

**Колкава е висината на посебната давачка која приредувачот на игри на среќа во автомат клуб ја плаќа?**

За приредување игри на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа во автомат клуб плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа.

Посебната давачка се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец. Доказот за уплатата на посебната давачка приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство.

Министерството за финансии нема да издава дозволи за приредување игри на среќа и забавни игри, решенија за давање на согласност за уплатно - исплатни места, за зголемување на број на автомати за игри на среќа во автомат клуб, за зголемување на бројот на автоматите и масите за игри на среќа во казино, за промена на видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб, за зголемување на деловни простории во кои се приредуваат игри на среќа во автомат клуб, за промена на видот на автоматите и масите во казино, за зголемување на број на апарати за забавни игри и решенија за промена на деловна просторија во која се приредуваат игри на среќа и забавни игри ако приредувачот до месецот во кој го поднесува барањето ги нема платено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување.

**Каква треба да биде програмската комбинација која им се исплаќа на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб?**

Автоматите за игри на среќа мораат да бидат програмирани така што вкупниот број програмски комбинации да им исплатуваат на учесниците во игрите на среќа најмалку 87% од вредноста на уплатите за учество во игрите на среќа.

## Кои обврски приредувачот на игри на среќа - автомат клуб ги има кон Управата за јавни приходи?

Приредувачот за игри на среќа во автомат клуб е должен до Управата за јавни приходи, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец преку електронска достава да достави Месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка (образец "ДЛД/МИ-ИС").

Извештајот содржи: податоци за обврзникот (име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот, број на документ за идентификација на странско физичко лице), износот на остварената добивка, износот на пресметаниот и платен данок на личен доход и дата на исплатата на добивката.

## Кои обврски приредувачот на игра на среќа автомат клуб ги има кон Министерството за финансии?

Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештаи за остварениот доход по видот на игрите.

Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб е должен да ги води податоците за дневните пресметки по автомат за игри на среќа.“
Податоците од евиденцијата со конечните месечни пресметки и копија од доказот за уплатата на посебната давачка од страна на приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб се доставуваат до Министерството за финансии до 15 во месецот, за претходниот месец.

# ИНТЕРНЕТ ИГРИ НА СРЕЌА

Единствен приредувач на интернет игрите на среќа во периодот од 01.01.2015 година, согласно правото кое го дава Законот за игрите на среќа и за забавните игри е Трговското друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина. Кога ќе се создаде целосна правна рамка, приредувач на интернет игрите на среќа ќе биде и секое Трговско друштво кое обезбедило Лиценца за приредување на интернет игри од Владата на РСМ.



# ЗАБАВНИ ИГРИ

### Што се забавни игри?

Забавни игри се игрите на компјутери, симулатори, видео-автомати, флипери и други слични апарати кои се ставаат во погон со помош на пари, жетони или на друг начин, како и пикадо, билијарди и други слични игри во кои се учествува со уплата, а во кои учесникот не може да оствари добивка во пари, предмети или права, туку стекнува право на една или повеќе бесплатни игри од ист вид, како и други игри од забавен карактер во кои се подразбира дека учесникот во забавните игри кој губи ги сноси трошоците за играта или каде што уплатите (влоговите) и добивката се незначителни.

### Кој може да биде приредувач на забавна игра?

Приредувач на забавна игра е трговско друштво и физичко лице-трговец поединец на кои им е издадена дозвола за приредување на забавни игри.

### Кое лице може да биде учесник во игрите на среќа и во забавните игри?

Учесник во игрите на среќа и во забавните игри е лице кое ги исполнило условите определени со правилата на играта на среќа и забавната игра утврдени од страна на приредувачот на играта на среќа, односно приредувачот на забавната игра.

### Услови за добивање дозвола за забавни игри?

**Ако барателот е трговец-поединец** - Доколку барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри го поднесува трговец-поединец, кон барањето задолжително се доставува:

- документ за регистрација на трговецот-поединец издаден од Централниот регистар на РСМ не постар од шест месеци од денот на неговото издавање;
- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на РСМ врз основа на годишната сметка за последната деловна година со која се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на субјектот;
- доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на забавни игри не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање;
- податоци за бројот и видот на апаратите за забавни игри на кои ќе се приредуваат забавни игри; и
- упатство за начинот на ставање на апаратот за забавни игри во функција, опис на забавните игри и местото каде што се поставуваат апаратите.

**Ако барателот е трговско друштво** - Доколку барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри го поднесува трговско друштво, покрај документите:

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на РСМ врз основа на годишната сметка за последната деловна година со која се потврдува економско финансиската состојба во работењето на субјектот;
- доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на забавни игри не постар од 30 работни дена од денот на неговото издавање;
- податоци за бројот и видот на апаратите за забавни игри на кои ќе се приредуваат забавни игри; и
- упатство за начинот на ставање на апаратот за забавни игри во функција, опис на забавните игри и местото каде што се поставуваат апаратите.

Кон барањето задолжително се доставува и:

- документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на РСМ;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на забавни игри;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на забавни игри; и
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на забавни игри.

## Колкав надоместок се плаќа за добивање на дозвола за приредување на забавни игри?

За издавање на дозволата за приредување на забавни игри се плаќа еднократен надоместок во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата, во рок од 15 дена од денот на приемот на дозволата. За приредување на забавни игри приредувачот на забавни игри плаќа надоместок во месечен износ од десет евра по апарат, во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на уплатата. Надоместокот се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

# ИСПЛАТА И ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОБИВКИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА

Исплатата на паричните добивки се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од објавувањето на извештајот за резултатите од играта на среќа.

Обврзник на данокот на личен доход за добивките од игри на среќа е физичкото лице кое остварило добивка од игри на среќа.

Основа за пресметување на данокот на доход на добивките од игрите на среќа претставува износот на поединечната исплата на добивката.
Основа за пресметување на данокот на доход на добивките од игрите на среќа во обложувалница претставува износот на поединечната исплата на добивката намален за износот на поединечната уплата врз основа на која е остварена добивката.
Основа за пресметување на данокот кај игрите на среќа кај автомат клуб и казино претставува износот на поединечната исплата на добивката.
Под поединечна исплатена добивка не се подразбираат добивките остварени во текот на играта на среќа.
Ако добивката од игри на среќа се состои од предмети, основа на данокот претставува пазарната вредност на предметите во моментот на остварувањето на добивката.

Пресметката и плаќањето на данокот на доход за добивките од игри на среќа се врши по стапка од 15%.

За добивките од општите игри на среќа не се плаќа данок на личен доход, ако поединечната исплата на добивката не го надминува износот од 5.000 денари.
Ако поединечниот износ на добивката е поголем од износот од 5.000 денари данокот се пресметува врз целиот износ.


BINGO

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Димитар Илиевски – Мурато" бр.24-а,
7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN:978-608-4866-36-7